**Градоначалник на Општина Свети Николе**
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-60/27-8
17.03 2020 год.

СООПШТЕНИЕ

Почитувани даночни обврзници,

Ве известуваме дека Општина Свети Николе, согласно со одредбите на Законот за даноци на имот и Законот за комунални такси почна со доставување решенија за данок на имот до сите физички и правни лица на територијата на Општина Свети Николе, како и решенија за комунална такса-фирмарина до сите правни лица регистрирани на територијата на Општина Свети Николе. Истовремено, се доставуваат и опомени за неплатени решенија за данок на имот и фирмарина на сите обврзници, кои не го подмириле долгот.

Општина Свети Николе ги известува граѓаните дека нема да презема никакви дополнителни мерки, вклучително и присилна наплата, кон сите даночни обврзници во Општина Свети Николе што имаат неподмирени долгови, додека траат препораките и мерките на Владата и Министерството за здравство, а се однесуваат на спречување на ширењето на корона вирусот.

Ве советуваме да го намалите интензитетот на посети на шалтерските канцеларии. За сите Ваши потреби може да ги контактирате вработените во општината на телефоните кои се објавени на веб-страницата www.svetinikole.gov.

На web страиата на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk преку вашиот ЕДБ/ЕМБГ xxxxxxxxxxxxx, и лозинка xxxxxx кои се наведени во вашето решение кое ви е доставено, може да го проверите вашиот имот и финансиската картица.

**Изработил Надица Тодорова**
**Контролирал Кирил Макаровски**

**Општина Свети Николе**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**М-р Сашо Велковски**